**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА**

**за поправка и одржување на улично осветлување на подрачјето на Општина Битола, за град Битола за 2023 година**

## ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува начинот на работа и активностите на Јавното претпријатие Комуналец Битола за поправка и одржување на улично осветлување на подрачјето на Општина Битола, за град Битола за 2023 година, динамика на нивното извршување, финансирањето и надзорот над извршените работи.

## ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ

**Поправка и одржување на улично осветлување**

Поправка и одржување на уличното осветлување ќе се врши со одржување на уличното осветлување во исправна состојба, редовна замена на оштетените светлечките тела (сијалици и арматури), одржување на мрежата за уличното јавно осветлување, одржување на разводните ормари и други активности во функција на одржување на уличното осветлување.

Поправка и одржување на улично осветлувањето ќе се врши во град Битола и тоа:

Реон град Битола

| Р.бр | Град Битола | Број на сијалични места |
|---|---|---|
| 1 | Битола, Брусничко-Лавчанска населба, нас. Стрелиште до АД Лозар, Буковски Ливади до ул.Крсте Чулаковски, Краварски пат до село Кравари со пат до Терминалот, сервисна зона позади Техничкиот преглед-Транскоп до Стовариштето за градежни материјали на Бистрички пат, Новачки пат и пат за до Д.Оризари до река Драгор, Лавчански пат до последната улица, улица Кукуш од ул.7-Јули до крајот на металните 10м канделабри, Градски реонски пазар на Васко Карангелевски, пазар Градска Чаршија и Стара Чаршија, ул.Шералти и останати улици низ град Битола | ~8000 |

Поправка и одржување на улично осветлувањето ќе опфаќа: замена на оштетените постојни улични светилки араматури, вградување на улични светилки и арматури, поправка на уличната мрежна инсталација, поправка и промена на опремата за уличното јавно осветлување, промена на осигурачи, склопки-контактори, фоторелеи и друга опрема за функционорање на уличното јавно осветлување во делот од подземната и надземната инсталација за улично јавно осветлување.

Предвидените работи за поправка и одржување на опремата за уличното осветлување на подрачјето на Општина Битола за град Битола за 2023 година ќе се извршуваат со динамика на приоритет, според потребите и налог од Општина Битола.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За успешно спроведување и реализација на предвидените активности финансиски средства ќе се обезбедат од средствата на Општина Битола.

| **Р.бр.** | **Активност** | **Сума (ден)** |
|---|---|---|
| **1** | Поправка и одржување на улично осветлување на подрачјето на Општина Битола, за град Битола за 2023година | **4.000.000,00 ден** |

## ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Извршител на активностите предвидени со програмата е ЈП Комуналец Битола.

## НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на поправката и одржување на улично осветлување ќе го врши надлежен општински орган.

Битола декември 2022

ЈП Комуналец Битола
ВД Директор
Гордана Наумовска